Интерактивна мрежа за образование и ресурси

**Безбедни и Сигурни Млади.Net**

# Интелектуална сопственост и Лиценца за слободен пристап

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization

IFAP Information for All Programme

Подготвено  со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите

**Интелектуална сопственост**

Интелектуална сопственост е термин за правните односи што се доделуваат на разни типови на информации, идеи или документи во нивна изразена форма. Терминот интелектуална соственост значи дека станува збор за нешто што е продукт на интелектот или умот, и подлежи на заштита од страна на законот исто како и било која друга форма на сопственост. Но, треба да се внимава да не се претера со заштитата и да се оди во крајност што некои ја нарекуваат интелектуален протекционизам.

Денешните дебати, сопственоста на авторските права врз некои материјали најчесто ја разгледуваат од аспект на економска корист во однос на правата, а помалку како потреба на соодветните страни да ги користат материјалите на различни начини и потреби.

На денешно ниво на развој на технологијата секој човек на планетата кој што користи некаква технологија има копија од барем еден документ направена нелегално. Сите имаме барем еднаш преснимено музика од ЦД, било на друго ЦД или во компјутер, сите имаме преснимено видео филм на видео лента, ЦД или ДВД, сите имаме копирано книги или барем дел од некоја книга. А сите знаеме дека според законот за заштита на авторските права, тоа е забрането. Значи сите постапуваме криминално. Евентуално, ако постои човек кој не користи ЦД снимач, видео снимач, компјутер или друга технологија, само тој не прави ваков прекршок пред законот.

Но, пак, тие технологии ни даваат можност за сосема поинакво нивно искористување и искористување на достапните информации и документи. Претходно размислувавме за сопственоста како користење на нечие добро и со тоа користење ја намалуваме можноста на други за користење на тоа добро. На пр. ако земеме нечие јаболко и го каснеме, ќе остане помалку за сопственикот или другите да јадат. Тоа не е случај при користење на технологиите. Ако на компјутерот отвориме некој документ (а со тоа најчесто и го копираме на нашиот компјутер) ние со ништо не го намалуваме документот или информацијата достапна до сопственикот или останатите корисници. Напротив, документот или информацијата можеме и да ја дополниме за следниот корисник.

На овој начин, при користење на новите технологии, се создава нов начин на размислување и однос кон сопственоста. Мал дел од авторите кои ги поставуваат своите дела, било од уметнички или академски карактер, на Интернет пробаат на било кој начин нив да ги заштитат. Тренд во светски размери е Лиценцата за слободен пристап со која се дозволуваат одредени права за начини на користење на корисниците на документите, музиката или академските трудови.



**Лиценца за слободен пристап (Creative Commons)**

Интернет им обезбедува на истражувачите да ги објават резултатите од своите истражувања да бидат достапни за сите во секое време, на авторите да презентираат свои трудови до широката интернационална заедница. Во исто време авторите можат да дадат дозвола на сите идни корисници на кој начин да се користи нивното дело, истражување или академски труд. Дозволата може да опфаќа сосема целосно користење, користење во некомерцијални цели или ограничувања по наш избор. (http://creativecommons.org/about/licenses) Но, во било кој случај корисниците се обврзани да го споменат името на оригиналниот автор на делото.

Со овие лиценци се отвораат сосема нови можности и перспективи кои се многу далеку од нашето секојдневие и ќе треба поприлично напор да се привикнеме и да ги прифатиме.

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
IFAP Information for All Programme
Подготвено со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите



Некои работи веќе функционираат на овој начин и во нашето секојдневие, иако не сме целосно свесни за тоа. Во денешно време многу тешко било каде можеме да најдеме труд кој што не искористил барем еден цитат од Wikipedia.[1] Авторските права на писателите и корисниците на Википедија се одредени со специфична отворена лиценца. Лиценцата што Википедија ја користи обезбедува слободен пристап до содржината на ист начин како и слободна лиценца на слободниот софтвер. Овој принцип се нарекува копилефт, во спротивност на копирајт. Тоа значи дека содржината на Википедија може да се копира, модификува и редистрибуира се додека новата верзија им ги обезбедува истите права на идните корисници и ги обзнанува авторите на Википедија статијата што е користена (директна врска назад до статијата го задоволува правото на еден автор). Сите статии во Википедијата ќе останат слободни засекогаш и можат да бидат користени од страна на било кого, со одредени ограничувања, главно нужни за обезбедување на слободата на користење. (www.mk.wikipedia.org)



Википедија функционира и е многу успешна затоа што околу себе собира заедница на вики-уредувачи. Секој кој што има желба, мисли дека има нешто да додаде или да продискутира, може да внесе своја тема или да коментира веќе поставени информации. Ако голем број на читатели на Википедија реагираат на некоја статија како неточна, таа се поставува за бришење и во зависност од реакцијата на идните

[1] Википедија е онлајн енциклопедија со слободна содржина отворена за читање и менување. Таа има изданија во 187 различни јазици спонзорирани од страна на непрофитната Фондација Викимедија. Информации врзани за традиционални енциклопедиски теми стојат до теми од алманаси, газети и актуелни настани. Целта на Википедија е да создаде „свет во кој што секој поединец има слободен пристап до сумата на севкупното човечко знаење.“ Википедија е еден од најпопуларните референтни места на Интернет, примајќи околу 50 милиони корисници на ден. Секој посетител може да додава и менува статии. Проектот на Википедија започна во јануари 2001, додека проектот на македонски јазик постои од септември 2003 година (www.mk.wikipedia.org).

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
IFAP Information for All Programme
Подготвено со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите

корисници ќе биде избришана целосно или вратена како текст на страната. Ова е целосно демократски процес на одбирање на точни и релевантни информации и сите оние кои секојдневно ја консултираме Википедија во нашата работа сме сведоци дека многу добро функционира.

Друга можност со слободен пристап се блоговите. Блог[2] е веб-сајт во кој се објавуваат датумски определени дополнувања со редовен ритам и се прикажани во обратен хронолошки редослед (најновиот најгоре). Блог може да се состои од текст, хипертекст, слики, линкови, како и можност за оставање коментари. Често даден блог има посебна тема или област која ја покрива, додека пак некои се наменети за дискутирање на лични искуства. Блоговите како медиум стекнаа популарност и значење на почетокот на 21 век, промовирајќи го концептот на граѓанско новинарство.

Во Македонија на 25 јануари 2006 година донесен е Законот за правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со овој закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации, и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Можни прашања за дискусија:**

- **Дали треба да се оставаат творбите (музика, филмови, книги) онлајн бесплатно? Како тогас ке заработува авторот?**
- **Дали треба да копираме софтвер или музика иако знаеме дека се бесправо присвоени?**
- **Како да се направат блоговите поинтересни и попривлечни за голем број на корисници? Каква корист ќе имаме од тоа?**

[2] Терминот блог е кратенка од веб-лог (weblog, web log), термин чие буквално значење е „дневник на веб“. Пишување или одржување на блог, или додавање на напис се нарекува „блогирање“. Одделните написи на блог се нарекуваат „постови“, а личноста која ги објавува се нарекува „блогер“.

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
IFAP Information for All Programme

Подготвено со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите